Нумерација на градежна парцела	Група на класа на намена	Основана класа на намена	Површина на градежна парцела	Утврден простор за градење на повеќе градби во рамките на градежна парцела	Висина на хоризонтален венец	Катност	Вкупно изградена површина на сите спратови	Процент на изграденост	Коефициент на искористеност
1.4	Г	Г2,4	10.230,00 m²	5.460,0 m²	10,00m	/	/ m²	53,37%	/

Со претходниот АУП градежната парцела 1.4 е поделена на 6 нови парцели. Предмет на изработка на овој АУП е само ГП 1.4.1 додека останатите парцели остануваат исти како што се дефинирани со веке изработениот и усвоен АУП.

5. ОПИС НА ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА

Изработка на овој архитектонско-урбанистички проект е насочена од програмските барања на инвеститорот, односно Проектната задача, како и зададените услови со предходно изработената УПВНМ за повекенаменска индустриска зона, за град Струмиц, КО Сачево и КО Гр.Балдовци донесен со одлука на Совет на општина Струмица бр. 07-2341/1 од 22.05.2007година, град Струмица како и потвдрување на поделбата и намената со АУП со тех.бр. .01-08/2012 изработен од Форма доо Струмица и одобрен со решение бр.19-451 од 30.08.2012 од страна на градоначалникот за предметниот плански опфат за ГП 1.4, град Струмица

СТАН арт
КУМАНОВО
ФИРМА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ , ИНЖЕНЕРИНГ И ИЗВЕДБА
СТАН арт, ДОО , КУМАНОВО , ул.С.Ковачевиќ бр. 46
Тел.Факс ++389 (0) 31 - 43 77 40 , 43 77 42

5.1.ЕДИНИЦИ ЗА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Во планскиот опфат има планирана градежна парцела 1.4.1 со основна класа на намена: Г 2,4

- Лесна и незагадувачка индистрија, сервиси, стовариште, како и површина за градење на повеќе гради со одредена максимална височина до хоризонталниот венец на градби, вкупна површина за градење и максимална бруто развиена површина на градбите.

Градежната парцела е нумерирана со арапска цифра 1.4.1

5.2. КЛАСА НА НАМЕНИ

Основната класа на намена на градбите е предходно утврдена со УПВНМ за повекенаменска индустриска зона, за град Струмиц, КО Сачево и КО Гр.Балдовци и АУП со.тех.бр. .01-08/2012 изработен од Форма доо Струмица и одобрен со решение бр.19-451 од 30.08.2012 од страна на градоначалникот за предметниот плански опфат за ГП 1.4, град Струмица

Г – Производство, дистрибуција, стовариште

Г2,4 - Лесна и незагадувачка индистрија, стовариште

Класата на намени е впишана на површините за градење во градежната парцела .

Како пратечки објекти,компатибилни класи на намена во однос на основната се дефинирани следните класи на намени.

за Г2: Б1, Б2, Д2, Г3, Г4
за Г4: Б1, Б2, Д2, Г2, Г3

Согласно проектната задача во склоп на градежната парцела се планирани површини за градење на во склоп на погон за преработка на предиво потребно е да се предвиди :

На страничниот дел се планира влез на вработените погонот, со паркинг за четириесте и две возила, доволно за бројот за вработените како и за посетителите.
Од предната страна да се предвиди и пристап во погонот за преработка на предиво за возила за утовар и транспорт на готова роба
Плато со рампа за утовар и транспорт на готовата роба да биде од страната на објектот каде е и пристапот на возилата, кои ке овозможат непречено опслужување на 3 возила истовремено, делумно покриено со настрешница;
На другиот крај на градежната парцела, југоисточен да се планира дотур на суровини со тешките товарни возила како и простор, кој всушност претставува лице на објектот, за истовар на суровините и друг потребен материјал
Во делот за влез на вработените да се предвидат соблекувални со тушеви и санитарии како и просторија за ручавање, работилници, прирачни магацини
Левиот страничен дел на објектот се предвидува за погон за преработка на предиво

СТАН арт. ДОО
КУМАНОВО
ФИРМА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ИЗВЕДБА
СТАН арт. ДОО, КУМАНОВО, ул.С.Ковачевиќ бр. 46
Тел.Факс ++389 (0) 31 - 43 77 40 , 43 77 42

Централниот дел во објектот ке служи за шивална а понатаму кон излезот да се планира прием и складирање на продуктите;
На влезовите за прием на роба да се планира простор за баждар со вага
За потребита за скалдирање на примената роба се планира дел за амбалажа
Центаралниот дел од југоисточната страна да се предвиди за простории за администарција со пратечки содржини;
Машинско одделение како и котларата да сепредвидат во задниот дел на објектот со лесен пристап за возила за дотур на нафта и други енергенси;

Во административниот дел потребно е да се предвиди влезен хол, санитарии, чајна кујна за вработените, канцеларии и сала за состаноци.

5.3. ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ

нум. на град. парцела	објект	класа на намена	компат. класа на намена	висина на хор. венец	висина по катови	површина на ГП 1.4	површина на нови парцели	површина за градба	бруто развиена површина	проц.на изграденост %	коефиц. на искористеност
1,4,1	1	Г2,Г4	Б1,Б2,Б4, В2,Д2,Д3, Д4,Г3	10,00	П+1	100721м2	81069м2	13107м2	13107м2	16,0%	0,16К
1,4,1	2	Г2,Г4	Б1,Б2,Б4, Б5,В3,В4, Д3	4,00	П			25м2	25м2	0,0%	0,0К
1,4,2	1	Е2,ТС	/	4,00	П		60м2	30м2	30м2	50,0%	0,50К
1,4,3	1	Г2,Г4	Б1,Б2,Б4, В2,Д2,Д3, Д4,Г3	10,00	П+1		5061м2	2700м2	5400м2	53,0%	1,07К
1,4,4	1	Г2,Г4	Б1,Б2,Б4, В2,Д2,Д3, Д4,Г3	10,00	П+1		3981м2	2300м2	4600м2	57,0%	1,15К
1,4,5	1	Г2,Г4	Б1,Б2,Б4, В2,Д2,Д3, Д4,Г3	10,00	П+1		3910м2	2730м2	5460м2	70,0%	1,40К
1,4,6	1	Г2,Г4	Б1,Б2,Б4, В2,Д2,Д3, Д4,Г3	10,00	П+1		4066м2	2800м2	5600м2	69,0%	1,38К
1,4,7	/	Е2,пат	/	/	/		2574м2	/	/	/	/
ВКУ ПНО						100721м2	100721м2	23692м2	34222м2	23,0%	0,33К

За објектот 1, во кој ке бидат сместени прием на суровини, погон за преработка на предиво, шивална, магацин, посебен влез и простор соблекувална, санитарии, чајна кујна, работилници за како и администрација, предвидена е максимална височина за градење од 10,00 до хоризонтален венец на градбата и катност од приземје и едно ниво (П+1), мерено од заштитниот тротоар околу градбата.

Воедно, предвидени се и помошни градежни линии за градба на:

СТАН арт
КУМАНОВО
ФИРМА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ИЗВЕДБА
СТАН арт, ДОО, КУМАНОВО, ул.С.Ковачевиќ бр. 46
Тел.Факс ++389 (0) 31 - 43 77 40 , 43 77 42

– Портирница

5.4. СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Сообраќајниот пристап до локалитетот е преку локален пат со профил 1-1 кој се состои од две сообраќајни ленти по 3,0м или со вкупен профил од 6,0м.

Проектираното сообраќајно решение е изработено во зависност од местоположбата на локацијата во однос на преку локалниот пат, како и од утврдените сообраќајни потреби на објектот во согласност со законските прописи.

Во сообраќајното решение е дадено решение со кое е дефинирано решението за сообраќајно техничко поврзување на предметниот објект преку локалниот пат како и внатрешното сообраќајно решение на предметната локација.

Режимот на одвивање на сообраќајот низ локацијата, како и поврзувањето со постојната патна мрежа е регулиран со вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација, при што обработени се:

- Контактните зони на локацијата се преку локален пат кој води за с.Сачево;
- Влезовите и излезите;
- Манипулативниот простор за движење на возилата во локацијата;
- Места за паркирање на возилата;

Зона на јазолот на предметната локација е подолга од 50м и пред и после предметната градежна парцела 1.4.
Во зоната на сигнализација на предметната локација е исто така подолга од 50м и пред и после предметната градежна парцела.

5.4.1. МЕРОДАВНИ ВОЗИЛА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ

Сообраќајно- техничките елементи во решението изработени се во зависност од димензиите на меродавните возила за проектирање дефинирани во нормативите и стандардите за проектирање на објекти и тоа:

– Лесни товарни возила (трактори)со димензии:
3.00м+4м х 2,50м и со радиус на свртување Рс=6.00м
- Тешки товарни возила (камион - ладиник) за одвоз на смрзнато овошие со димензии:
12,00м х 3,00м и со радиус на свртување Рс = 12,00м

5.4.2. НАДВОРЕШЕН СООБРАЌАЈ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СТРУМИЦА
2
ОПШТИНА СТРУМИЦА

СТАН арт
КУМАНОВО
ФИРМА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ИЗВЕДБА
СТАН арт. ДОО, КУМАНОВО, ул.С.Ковачевиќ бр. 46
Тел.Факс ++389 (0) 31 - 43 77 40 , 43 77 42

Пресметка на лентите за влез и излез на локалната сообраќајница е извршена според:

tr потребно време за промена на сообраќајна лента 3s
v векторска брзина 60km/h
V1 брзина за припремање за влез во парцела 20km/h
V2 брзина на влез во парцела 5km/h
a1 забавување 1,5m/s
a2 забрзување 1m/s h a

Локален пат со профил 1-1 кој се состои од две сообраќајни ленти по 3,0м или со вкупен профил од 6,0м. Во делот кај планираните влез и излез од градежната парцела не се предвидуваат пешачки премини, при што кај правиот дел од истите, не е неопходно проширување на коловозот за 2м, отука, во овој дел од сообраќајницата, вкупниот профил останува 6,00м.

5.4.3. ВНАТРЕШЕН СООБРАЌАЈ

Решението на внатрешниот сообраќај директно произлезе од веќе дефинираните влез и излез за објектот на локалната сообраќајница, а движењето во внатрешноста на локацијата е со обезбедени елементи за движење на меродавни возила.

Проектирани се 2, две, платоа за дистрибуција, утовар на готов производ за истовремено опслужување на 3 возила е едно плато за дотур на суровини и останат потребен материјал

Од аспект на внатрешниот стационарен сообраќај, со предметниот изработен архитектонско – урбанистички проект одредено е димензионирањето на паркирањето да се изведе на следниов начин:

- Предвидено се 6 паркинг места за тешки товарни возила камиони - шлепери.
- 42 паркинг места за лесни моторни возила, предвидени се со партерно решение.

5.4.4. НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ

Нивелманско решение е изработено со почитување на постојната нивелета на локалниот пат. Во внатрешноста на локацијата проектираните подолжни падови се во границите на дозволените, односно не надминуваат 4% а при тоа секаде е обезбеден минимален пад од најмалку 0,1%.

5.5. ИНФРАСТРУКТУРА

5.5.1. ЕЛЕКТРО- ЕНЕРГЕТИКА И ПТТ ИНСТАЛАЦИЈА

Електичната мрежа и потреба од едновремена ел. снага за новопредвидените објекти се димензионира според следните електроенегетски параметри со напомена дека се

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СТРУМИЦА
ОПШТИНА СТРУМИЦА
2

предвидени максимален капацитет на просторот во моментот:

* за сервиси и лесна индустрија 0,12kW/m2

Вкупната максимална бруто развиена површина сите предвидени содржини изнесуваат 35000,00m2.

Едновремената ел.снага изнесува : Pen = 271,49 kW

На локацијата е предвидено е место за изградба на трафостаница, ГП 1.4.2. Истата може да се изведе како објект и е предвидена со планското решение со претходно изработен АУП со тех.бр.01-08/2012 изработен од Форма доо Струмица и одобрен со решение бр.19-451 од 30.08.2012 од страна на градоначалникот за предметниот плански опфат за ГП 1.4, град Струмица, а истовремено одобрено и од ЕВН Македонија. Видот и точните димензии ке се изработат во понатамошните фази на реализација со основните проекти, а во склад со потребите на инвеститорот и можностите и условите на правните лица кои нудат ваков вид на услуги.

5.5.2. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Во рамките на планскиот опфат не постои изведен водовод.

Водоснабдувањето на локалитетот ке се реши со поврзување кон градската водоводна мрежа на градот Струмица.

Потребните количини на вода пресметани се за средно дневна водоснабдителна норма од.

q = 200000 (l /den/ha)

часова потрошувачка на вода ке биде:

qmax/~as = 200000/16h3600 = 3,47(l/sec/ha)

Пресметката е извршена за 16 часовно работно време.

Дневна максимална потрошувачка на вода ке биде:

qmax/den = 200000/24h3600 = 2,31 (l/sec/ha)

Редуцирана норма ке биде:

K=Fbruto/Fneto = 1,56/0,31 = 5,03

Редуцирана норма за водоснабдување за дневен максимум:

qpmax/den =qmah/den/K = 2,31/5,03 = 0,46 (l/sec/ha).

Редуцирана норма за водоснабдување за часов максимум.

qpmax/~as = qmax/~as/K = 3,47/5,03 = 0,69 (l/sec/ha).

Пресметка на максимална дневна потрошувачка на вода .

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СТРУМИЦА
2
ОПШТИНА СТРУМИЦА

СТАН арт
КУМАНОВО
ФИРМА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ИЗВЕДБ
СТАН арт, ДОО, КУМАНОВО, ул.С.Ковачевиќ бр. 46
Тел.Факс ++389 (0) 31 - 43 77 40 , 43 77 42

Qmax/~as = Fbruto h qpmax/~as = 1,56 h 0,46 = 0,72 (I/sec)

Пресметка на максимална часовна потрошувачка на вода.
Qmax/~as = Fbruto h qmax/~as = 1,56 h 0,69 = 1,08 (I/sec)

Пресметка на максимална часовна потрошувачка на вода.
Qmin/~as = 0,16 h Qmax/~as = 0,16 h 1,08 = 0,17 (I/sec)

Согласно со важечките прописи за заштита од пожар (Правилникот за внатрешна и надворешна хидрантска мрежа), при одредување на потребните количини вода за противпожарна заштита треба да се смета со едновремена работа на еден надворешен и еден внатречен хидрант со:
Qpo` = 1h5,0+1h2,50 = 5,0+2,5 = 7,5 (I/sec)

Спред тоа вкупната количина на вода која треба да се обезбеди, изнесува:
Q= Qmax/~as + Qno` = 1,08 + 7,5 = 8,58 (I/sec)

За ова количина на вода одговара водоводен приклучок со цевка Q100mm со следниве карактеристики: брзина на водата V = 0,67 (m/sec) хидраулички загубу од J=0,004m/m.

ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

По однос на канализација се планира поврзување на градски систем на канализација т.е. изградба на посебна внатрешна канализацијска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.

При проекција, оделните канализациски системи се усвоени од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиендот и од експозицијата на теренот.

Канализирањето е предвидено да се врти гравитациски. Одводот на фекалните води ке се врши во постојната канализациска мрежа и пречистителна станица планирана за градот Струмица.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ке се состои од канали кои ке се водат по локалните сообраќајници во рамките на градежната парцела.

Количината на одпадните води ке се пресметува како 80% од максималната часова потрошувачка на вода, зголемена за 20% од инфилтрација на подземните води.

Q= 0,80 x 1,08 x 1,2 = 1,04 I/ sec

За овој проток на вода при минимален пад од 0,5% за канализацијата одговара цевка со профил помал F100mm. Од причини што јавните комунални претпријатија препорачуваат употреба на цевки за канализација со минимален профил од F250mm, усвоен е профил со F250mm, со полнеж од h/d = 0,10 и брзина на вода V = 0,89m/sec.

Канализационата мрежа ке се состои од PVC канализациски цевки со F250mm и

армирано-бетонски ревизиони шахти.

АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализациски систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ке се состои од посебни канали, а кои ке се водат по локалните сообраќајници во рамките на градежната парцела, со канализирање на гравитациски пат.

Атмосферската канализација ке ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците и зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ке се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, средниот коефициент на отекнување, коефициентот на ретардација (задоцнување) и интензитетот на врнежи за Струмичката котлина кој изнесува и I=110 l/ha.

Q = EF x i x { x

Вкупната сливна површина која гравитира кон атмосферската канализација изнесува.
F = 1,56 ha

Средниот коефициент на отекнување ке се пресмета по формулата:

Y=(F1 h Y1+F2 x Y2 + F3 x Y3)/∑F=0.39

Каде:
F1 – површини под покрив
F2 – површини од зеленило
F3 – површини под улици и тротоари
1 – коефициент на отекнување од покриви
2 – коефициент на отекнување на зеленило
3 – коефициент на отекнување од улици и тротоари

Коефициент од ретардација ке се пресмета по формулата:

F= 1/n√∑F= 1/5√∑ 1.56=0.92
при што n = 5 за површина со слаб наклон и со продолжена форма .
Според тоа количината на атмосферската вода за одводување изнесува:

Q = 1,56 x 110 x 0,39 x 0,92 = 61,57 l/sec

Усвоено е главната одводна цевка за атмосферска канализација да биде О 150mm so минимален пад од 0,30 и брзина на течење V = 3,07 m/sec.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА СТРУМИЦА

Број 20-1542/1 од 07.10.2021

СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ

ИЗВОД ОД УПВНМ – повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци

Бр. 20-1542/2 од 08.10.2021 год.
Одлука бр. 07-234/1 од 22.05.2007 год.
По барање на: ДПТУ Г.С. Текстил доо Струмица

Намена на градба: Г2, Г4 ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА и СТОВАРИШТА
КО Струмица КП бр. 435/1 и КП бр.435/2
ДЛ: М 1:2500

ИЗВОД за ГП бр. 1.4

КО Струмица **УБ** **УЕ**

- Табела со нумерички податоци

Број на гр. парцела	Основна класа на намена.	Површина на парцела ха	Површина за градба ха	Мах.висина до венец м	Број на паркинг места	Процент на изграденост %	Понатамошна процедура
1.4	**Г2,Г4**	10,23	5,46	10.00	546	53,37	УП

2.Податоци за постојна инфраструктура и приклучоци

Сообраќајни услови	Сообраќајниот пристап до локалитетот е преку локален пат со профил 1-1 кој се состои од две сообраќајни ленти по 3,0м или со вкупен профил од 6,0м.
Комунална инфраструктура	Во рамките на планскиот опфат не постои изведен водовод. Водоснабдувањето на локалитетот ке се реши со поврзување кон градската водоводна мрежа на градот Струмица.
Фекална и атмосферска канализација	По однос на канализација се планира поврзување на градски систем на канализација т.е. изградба на посебна внатрешна канализацијска мрежа за атмосферски води како и посебна канализациска мрежа за фекална канализација.
Електро инфраструктура	Електро енергетската инфраструктура за предметниот простор се однесува на постојната мрежа од 10кв електро дистрибутивна мрежа со која се обезбедува моќност, доволна за потребите на постојните корисници на околните села во регионот.

Прилог: ОПШТИ и ПОСЕБНИ УСЛОВИ за изградаба - текст

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА СТРУМИЦА

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски



Легенда: Градежна парцела бр. **1.4**
КП бр. 435/1 и 435/2

Процесот на урбанизација на просторот се одвива во општествено економски услови во кои приватната иницијатива и пазарното стопанство имаат и ќе имаат значајно место и насочувачка улога во дефинирањето на перспективниот долгорочен просторен развој. Во тој контекс, приватната иницијатива и директните странски инвестиции за изградба на еден ваков повеќе наменски индустриски комплекс, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз непосредното окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти преку рестартирање и ревитализација на постојните и новопланираните содржини и привлекување на нова работна сила и нови вработувања.

Планскиот концепт предвидува комплетно ново урбанистичко планирање на просторот со основна цел:

- зголемување на степенот на живеење и подобрување на условите за работа.
- да обезбеди уредување на просторот со плански одредби кои ќе ја штитат и стимулираат приватната сопственост и слободното предприемаштво на начин кој нема да го повреди јавниот интерес.
- сукцесивно зголемување на стечените права во однос на сопственоста на објектите и градежното земјиште.
- со плански одредби да ја зголеми вредноста на земјиштето, недвижнините и сите други природни ресурси.
- да обезбеди заштита и развој на државниот и јавниот интерес.

Урбанистичкиот план вон населено место Струмица, Повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци во општина Струмица, со законска регулатива треба да предложи решенија кои ќе обезбедат точен степен на искористеност на градежното земјиште, да се постигне висок степен на ревитализација на скоро напуштениот и деградиран простор, во однос на површината, квалитетна градба со употреба на квалитетни и современи материјали со цел да се постигнат естетски вредности на објектите, а со тоа и на просторот

9. ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

9.1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите:

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план, односно изготвување на извод од урбанистички план и решение за локациски услови.

9.1.1. - граница на плански опфат , планска одредба со која се уредува границата на подрачјето урбан блок бр.1, наменето за градење

Подрачјето уредено со Урбанистичкиот план вон населено место Струмица, Повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци во општина Струмица, е со површина наменета за градење од 44.46 хектари.

9.1.2. Регулаторни линии:

Планска одредба од графичкиот дел на урбанистичкиот план кој го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носители на правото на градење.

регулациона линија

- линија на разграничување помегу градежното земјиште за општа употреба и парцелираното градежно земјиште за поединечна употреба.

граница на градежна парцела

- линија на разграничување на носители на право на градење помегу две соседни градежни парцели.

9.2. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите:

За планскиот опфат на кој е предвиден Урбанистичкиот план вон населено место Струмица, Повеќенаменска индустриска зона К.О. Сачево и К.О. Градско Балдовци во општина Струмица, ќе важат следните Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите:

9.2.1. Вид на планирана градба - намена

Намената на земјиштето се уредува на ниво на градежна парцела, оформена во Урбанистичкиот план вон населено место Струмица, Повеќенаменска индустриска зона КО Сачево и КО Градско Балдовци во општина Струмица,

Г - производство, дистрибуција и сервиси:

Г-2 лесна и незагадувачка индустрија во која влегуваат сите видови произвотство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации.

Во конкретниот слуај се работи за откуп, преработка, ускладиштување и дистрибуција на индустриски и земјоделски производи како основна намена на градежните парцели под број: **1.2.; 1.3.; и 1.4.;**

Г-3 сервиси за одржување и поправка на опремата и основните средства користени во процесот на производство.

Во конкретниот слуај се работи за сервиси како основна намена на градежната парцела под број: **1.1.;** која ќе биде во функција на градежните парцели: под број: **1.2.; 1.3.; и 1.4.;** на кој би се одвивал процес на откуп, преработка, ускладиштување и дистрибуција на индустриски и земјоделски производи

Г-4 стоваришта за складирање на стока, суровини, репроматријали, готови производи и слично.

Во конкретниот случај се работи за стоваришта за складирање на стока, суровини, репроматријали, готови производи и слично ставени во функција на основното производство и сервисирање.

Оваа намена се среќава во градежните парцели број: **1.1.;1.2.; 1.3.; 1.4.; и 1.5.;**

Г-5 инфраструктура, објекти од комуналната инфраструктура како објекти на водовод, канализација, електроенергетика и слично кој се во функција на работењето на целиот стопански комплекс.

Се појавуваат како површини за градење како делови од градежните парцели под број; **1.5.;**

Д - зеленило и рекреација

Д-1 парковско зеленило, како уредени површини со садено зеленило и дворни уредени површини се намена на земјиштето во сите градежни парцели како делови од градежното земјиште.

Д-2 заштитно зеленило, како уредени површини со основна намена да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони.

Се појавуваат како намена на делови од градежните парцели под број; 1.1.;1.2.; 1.3.;1.4.; и 1.5. - во функција на својата намена заштита.

Диспозицијата на **Д-1** парковско зеленило и **Д-2** заштитно зеленило за секоја градежна парцела посебно ќе бидат предмет на Проектните решенија на зеленилото како дел од Урбанистичкиот проект од член 50 став 1. од Законот за просторно и

урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.51/05). за секоја дефинирана градежна парцела посебно.

9.2.2. градежна линија и површина за градење

градежна линија

-планска одредба од графичкиот дел на планот која претставува граница на површината за градење во градежната парцелаи ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

површина за градење

- планска одредба од графичкиот дел на планот со која се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.

повеќе површини за градење во една градежна парцела (комплексна градба)

-Комплексните градби составени од повеќе површини за градење во една градежна парцела , како во конкретниот случај обавезно ќе се уредуваат со урбанистички проект од член 50, став 1, од Законот како разработка на површината за градење утврдена со урбанистички план.

9.2.3. максимална височина на градбата

- планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чии што пресек со теренот се совпага со градежната линија.

За градбите:

Г - производство, дистрибуција и сервиси:

Г-2 лесна и незагадувачка индустрија во која влегуваат сите видови произвотство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманации.

Г-3 сервиси за одржување и поправка на опремата и основните средства користени во процесот на производство.

Г-4 стоваришта за складирање на стока, суровини, репроматријали, готови производи и слично.

Г-5 инфраструктура, објекти од комуналната инфраструктура како објекти на водовод, канализација, електроенергетика и слично кој се во функција на работењето на целиот стопански комплекс.

Максимално дозволената височина на градбите е формулирана како **условена планска одредба** која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектната документација се докаже дека се исполнети условите утврдени во планот.(во најчест случај се работи за условеност од технолошкиот процес).

Со планскиот концепт е утврдена максимална височина на градбите на ниво на целиот блок бр.1 од **10.0 метри.**

9.2.4. височина на слеме

- планска одредба со која се утврдува највисоката точка на кровната конструкција и таа изнесува **4.50 метри** над завршниот венец на градбата, со исклучок на специјални градби.

9.2.5. максимална височина на нултата плоча

- со урбанистичкиот план се уредува висинската кота на приземната плоча на градбите т.н. нулта плоча во однос на котата на теренот.
- како кота со апсолутна вредност ќе биде прикажана во графичкиот прилог "Нивелациски план" од урбанистичкиот проект за секоја градежна парцела односно градба поединечно.

9.2.6. паркирање и гаражирање

Планските решенија на внатрешниот (во градежните парцели поединечно) динамичен и стационарен сообраќај ќе бидат предмет на Проектното решение на внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај како дел од Урбанистичкиот проект од член 50 став 1. од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.51/05). за секоја дефинирана градежна парцела посебно.

- Стационарниот сообраќај паркирањето во границите на планскиот опфат се планира во рамките на градежните парцели. Се исклучува можноста од паркирање на градежно земјиште за општа употреба.

Според чл. 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 78/06) пресметани се потребниот број на паркинг места во согласност со намената на земјиштето и градбите и нивната големина.

Г2 - лесна и не загадувачка индустрија

- 1 паркинг место на 100 м^2 од вкупната површина

Г3 - сервиси

- 1 паркинг место на 100 м^2 ако вкупната површина е над 500 м^2.

Г4 - стоваришта

- 1 паркинг место на 100 м^2 ако вкупната површина на градбите е над 500 м^2.

Стационарниот сообраќај паркирањето во градежните парцели под број: 1.1.; 1.2.; 1.3.; и 1.4.; во кој основната намена на градежното земјиште се класите на намена Г2; Г3; и Г4 и во согласност со погоре утврдените норми во делот на паркирањето претпоставени се потребниот број на паркинг места врз основа на максималните површини за градба за секоја градежна парцела посебно.

Потребниот број на паркинг места ќе биде дефиниран со Урбанистичкото решение на градежната парцела, односно Проектното решение на внатрешниот динаничен и стациоинарен сообраќај како графички делови од Урбанистичкиот проект од член 50 став 1. од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.51/05). за секоја дефинирана градежна парцела посебно.

Се работи за паркиралишта како површини од градежното земјиште кои се сообраќајно технички обликувани на безбеден и економичен начин да обезбедат групно стационирање на повеќе возила во границите на градежните парцели.

Се планираат во границите на градежните парцели со цел да бидат предмет на реализација на сопственикот на градежното земјиште во границите на градежната парцела како носител на правото на градење.

Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. бр.78/06), 3% од вкупниот број места за паркирање треба да бидат предвидени за инвалидирани лица.

9.2.7. сообраќајни елементи

Сообраќајната инфраструктура во рамките на планскиот опфат се состои од примарната мрежа локалниот пат кон с. Сачево и динамичниот и стационаре

сообраќај во границите на градежните парцели кој ќе биде дефиниран со урбанистичкиот проект за секоја градежнља парцела поединечно.

Елементите на сообраќајниците и стационарниот сообраќај :

- профил на сообраќајницата
- број и широчина на сообраќајните ленти
- карактеристични попречни профили
- радиуси на хоризонталните кривини
- подолжен наклон
- вертикална и хоризонтална сигнализација
- паркиралишта (паркинг места по облик, намена и број)

Сите овие наведени сообраќајни елементи детално се презентирани во графичкиот прилог бр. 4 "Сообраќаен и нивелациски план" од планската документација.

9.2.8. комунална инфраструктура

За градбите и водовите на комуналните инфраструктурни системи планирани на градежно земјиште во планскиот опфат на кој е предвиден Урбанистичкиот план вон населено место Повеќенаменска зона за с.Сачево и с. Градско Балдовци во општина Струмица, при реализација на планот приклучувањата ќе се изведуваат во согласност со условите што ги пропишуваат соодветните правни субјекти што стопанисуваат со нив.

10. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

- Нумерички показатели како величини кои произлегуваат од планските решенија:

- површини по намена на земјиштето
- процент на изграденост на земјиштето (на ниво парцела)
- површини на градежни парцели
- планирани површини за градење
- висини на планираните градби (висина до венец)
- димензии на попречни профили на сообраќајната инфраструктура
- број на паркинг места (на ниво на блок)
- елементи од комуналната инфраструктура

Сите овие податоци се систематизирани на ниво на блок односно градежна парцела и табеларно и графички презентирани во табелата и графичкиот прилог кои следат.

- ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ПОЕДИНЕЧНА УПОТРЕБА

Број на блок	Број на Градежна Парцела	Површина на град. парцела ха	Класа на намена	Површина за Градење ха	Мах.Висина на објект до венец	Процент изграденост %	Број на Паркинг места
1	1.1.	5,42	Г3	3,12	Н-мах 10м	57,56%	312
	1.2.	13,22	Г2 и Г4	9,25	Н-мах 10м	69,97%	925
	1.3.	10,87	Г2 и Г4	6,11	Н-мах 10м	56,21%	611
	1.4.	10,23	Г2 и Г4	5,46	Н-мах 10м	53,37%	546
	1.5.	1,10	Г5	0,28	Н-мах 10м	25,45%	28
вкупно	/	40,84	/	24,22	/	52,51%	2422

- ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА

1	1,55ха	Заштитен коридор-високонапонски вод	3,50%

2	2,07ха	Земјиште од општ интерес Локален пат (с. Сачево И С. градско Балдовци)	4,65%
Вкупно:	3,62ха		8,15%

- Вкупна површина на блок 1 - 44,46ха
- Процент на изграденост на земјиштето на ниво на блок -54,47%
- Коефициент на искористеност на земјиштето - 0.54

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-26697/2021 од 04.10.2021 11:28:36

1105-26697/2021

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1189 ПРЕПИС
Катастарска општина: ГРАДСКО БАЛДОВЦИ

ЛИСТ А: ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Ред.бр.	ЕМБГ / ЕМБС	Име и презиме / Назив	Адреса / Седиште	Дел на недвижност	Правен основ на запишување	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
1	0000005559553	ДПТУ ГС ТЕКСТИЛ	Г.ДЕЛЧЕВ 58, СТРУМИЦА	1/1		61 / 11	23.09.2011

ЛИСТ Б: ПОДАТОЦИ ЗА ЗЕМЈИШТЕТО (КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА) И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Викано место/улица	Катастарска			Површина во м2	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел		култура		класа						
435	1	ГАСКАРНИК	гз	гнз		16075	СОПСТВЕНОСТ			1113-5/2020	09.01.2020 13:04:54
435	2	ГАСКАНИК	гз	гиз		79092	СОПСТВЕНОСТ			1113-5/2020	09.01.2020 13:04:54
435	2	ГАСКАНИК	гз	зпз 1		5554	СОПСТВЕНОСТ			1113-5/2020	09.01.2020 13:04:54

ЛИСТ В: ПОДАТОЦИ ЗА ЗГРАДИ, ПОСЕБНИ ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ЗА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ

Број на катастарска парцела		Адреса (улица и куќен број на зграда)	Бр. на зграда/друг објект	Нам. на згр. и други обј.	Намена на згр. преземена при конверзија на податоците од стариот ел.систем	Влез/Кат/Број на посебен/заеднички дел од зграда			Намена на посебен/заеднички дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Отворена површина во м2	Волумен во м3	Сопственост / сосопственост / заедничка сопственост	Право преземено при конверзија на податоците од стариот ел.систем	Бр. на евид. лист	Бр. на пред. по кој е извршено запишување	Датум и час на запишување
основен	дел					Влез	Кат	Број									
435	2	ГАСКАРНИК	1		Г4-1	1	ПР	/	ДП	5512			СОПСТВЕНОСТ			1113-5/2020	09.01.2020 13:04:54

Г.Промени на други стварни права и други права чие запишување е утврдено со закон, прибележување на факти од влијание за недвижностите и предбележување

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-26697/2021 од 04.10.2021 11:28:36

1105-26697/2021

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1189 ПРЕПИС
Катастарска општина: ГРАДСКО БАЛДОВЦИ

Г1.1.ПРАВО НА ЗАЛОГ (ХИПОТЕКА)

Носител на правото (доверител)	ЕМБГ / ЕМБС	Адреса / Седиште
КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ	4065573	СКОПЈЕ; ОРЦЕ НИКОЛОВ 3
Хипотекарен должник	**ЕМБГ / ЕМБС**	**Адреса / Седиште**
ДПТУ Г.С.ТЕКСТИЛ ДОО ЕКПОРТ-ИМПОРТ СТРУМИЦА	5559553	СТРУМИЦА; ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ 58

Број на катастарска парцела		Број на зграда/друг објект	Влез/Кат/Број на посебен/заеднички дел од зграда			Намена на посебен/заеднички дел од зграда	Внатрешна површина во м2	Отворена површина во м2	Волумен во м3	Износ на побарувањето	Правен основ на запишување			Број на предмет по кој е извршено запишување	Датум и час на прием на пријавата за запишување
основен	дел		Влез	Кат	Број						Назив	Број и датум	Орган што го донел актот/заверил		
435	1									850000 ЕМУ (EU)	ПОТВРДА (СОЛЕМНИЗАЦИЈА) НА ДОГОВОР ЗА ЗАЛОГ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ СО СВОЈСТВО НА ИЗВРШНА ИСПРАВА	ОДУ бр.624/21 / 23.09.2021	НОТАР ЈАНКО МИЛУШЕВ	1114-617/2021	24.09.2021 13:17:34
435	2	1	1	ПР	/	ДП	5512								
435	2														

Легенда на внесени шифри и кратенки:

Шифра	Опис
Г4-1	стоваришта за складирање на стока на отворен/затворен простор
зпз	Земјиште под зграда
гиз	градежно изградено земјиште
гз	Вештачки неплодни земјишта
гнз	Градежно неизградено земјиште
ДП	деловна просторија

Тип	Опис
Препис	Цела содржина од имотниот лист

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
1105-26697/2021 од 04.10.2021 11:28:36

1105-26697/2021

ИМОТЕН ЛИСТ број: 1189 ПРЕПИС
Катастарска општина: ГРАДСКО БАЛДОВЦИ

М.П.

Овластено лице:
Витка С Ѓузелова
име и презиме, потпис